MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

# ОПШТИНА ШТИП

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
БР.18-118/3
31. 01.2023 год.

Врз основа на член 29 ,член 38 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20),Градоначалникот на Општина Штип го дава следното:

**РЕШЕНИЕ**

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета по изготвена измена и дополнување на детален урбанистички план за дел од УЕ 27,дел од населба "Автокоманда" , Општина Штип**

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна презентација и јавна анкета по изготвена измена и дополнување на детален урбанистички план за дел од УЕ 27,дел од населба "Автокоманда" , Општина Штип.

Член 2

Соопштението за организирање на јавна презентација и јавна анкета ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е-урбанизам,печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Член 3

Јавната анкета ќе трае 30 работни дена.

Член 4

Целокупната документација на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место ,во информацискиот систем на е-урбанизам и во просториите на одделението за урбанизам,градежништво,станбени работи и заштита на животната средина.

Член 5

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку информацискиот систем на е-урбанизам или во писмена форма преку архива.

Градоначалник на Општина Штип
Иван Јорданов